**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Министерството за економија, согласно Програмата за поддршка на угостителскиот сектор во РСМ – 4 сет мерки во 2020 година „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 269 од 10.11.2020 година објавува:**

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ГРАНТОВИ ЗА ИГРОТЕКИ

**1. Предмет на поддршка**: Издавање на грантови за игротеки
**2. Право на учество** имаат сите игротеки кои регистрирани за вршење на дејност

На овој јавен повик немаат право на учество:

- Нерегистрирани игротеки
- Игротеки кои се во постапка на ликвидација или стечај

**3. Намена на средства**
Со цел поддршка на игротеките кои со Одлука на Владата на Република Северна Македонија за време на Кризата со Ковид 19 беа затворени , Министерството за економија предвидува мерка за доделување на грантови кои ќе се одредат согласно вкупниот приход на субјектот во претходната (2019) година и бројот на вработени.

**4. Износ на поддршка**
Износот на средства кој ќе биде доделен е во зависност од остварениот вкупен приход во 2019 година и бројот на вработени а ќе изнесува од 90.000,00 до 300.000,00 денари и тоа:
- за вкупни приходи од 0-500.000,00 – грант во износ од 90.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 500.001,00 -1.500.000,00 – грант во износ од 150.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 1.500.001,00 -3.000.000,00 – грант во износ од 210.000,00 денари и
- за вкупни приходи над 3.000.001,00 денари – грант во износ од 300.000,00 денари .

**5.Начин на аплицирање**
- Субјектите до Министерството за економија доставуваат електронско барање преку платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk за грантови за игротеки

**6. Потребни документи за пријавување**
- ТЕКОВНА СОСТОЈБА (документ издаден од од Централен регистар не постар од 3 месеци);
- ГОДИШНА ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2019 ГОДИНА;
- УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ ОД УЈП не постаро од 3 (три) месеци и
- СПИСОК НА ВРАБОТЕНИ ПО ОБВРЗНИК заверен од АВРСМ не постар од 30 дена

**7. Краен рок за аплицирање**
Барањето со пропратната документација се доставува преку платформата **најдоцна до 28.11.2020 година.**

**НАПОМЕНА: Барањата за Грантови за игротеки ќе се разгледуваат по принципот ПРВ ДОЈДЕН ПРВ УСЛУЖЕН (Барањето кое нема да биде комплетно ќе го завземе последното место по реден број на поднесување на датумот на комплетирање на барањето)**
**За потврда на веродостојноста на податоците во поднесената документација Министерството за економија ќе изврши проверка со УЈП и АВРСМ.**
Комисија формирана од Министерот за економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви листа на одобрените барања.
Листата на одобрени барања на средствата за Грантови за игротеки ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

**За подетални информации да се обратите на :**
**тел:(02) 3093 543; (02) 3093 536 и (02) 3093 540 е-маил: info@economy.gov.mk**